ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2016 ГОДИНА НА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**сметка од самофинансирачки активности (787)**

**01 2017 03 02/3**

**Скопје, септември 2017**

# СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-5 |
| Финансиски извештај | |
| - Биланс на приходи и расходи | 6 |
| - Биланс на состојба | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 |
| - Сметководствени политики | 9 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 10-13 |
| Прилози | |
| Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор | |
| Забелешки по Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност | |
| Одговор на забелешки по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор | |

**Кратенки** користени во извештајот:

**Министерство за финансии** – Царинска управа на Република Македонија - **Царинска** управа

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број: 09-61/11
Дата: 27.03.2017

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија (Царинска управа) на сметката од самофинансирачки активности (787) за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Царинската управа за 2016 година изразивме мислење без резерва, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, извршена е ревизија на успешност „Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Царинската управа и издаден е извештај со кој е изразен заклучок дека системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија е воспоставен на задоволително ниво и обезбедува нивно функционирање и развој, но има потреба од продолжување на активностите за подобрување на ефикасноста и ефективноста на истиот".
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки од извршената ревизија на успешност во 2014 година кај Царинската управа за 2013 и тековната 2014 година, констатиравме дека од дадените две препораки една е спроведена.
Од страна на одговорните лица на Царинската управа добиена е една забелешка по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор која се однесува на овластените потписници во делот на образложенијата на Нацрт извештајот и истата е прифатена.

**Вовед**

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 06 до 07 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија на сметката од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2016 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Извршена е ревизија и е издаден извештај во 2014 година од извршена ревизија на успешност „Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Царинската управа" и издаден е извештај со кој е изразен заклучок дека системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија е воспоставен на задоволително ниво и обезбедува нивно функционирање и развој, но има потреба од продолжување на отпочнатите активности за подобрување на ефикасноста и ефективноста на истиот".

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија застапувано од:

- Наташа Радеска - Крстевска, директор од 22.01.2014 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**1. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.03.2017 до 12.05.2017 година од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Цвета Ристовска, помошник на главниот државен ревизор и ОДР,
- Љубица Тошевска, раководител на ревизија и ОДР;
- Биљана Арсовска Андонова, самостоен ревизор и ОДР;
- Бранка Ажиевска, виш ревизор и ОДР;
- Гораст Николоски, виш ревизор и ОДР;
- Адем Цури, ревизор и ОДР,
- м-р Сања Гоцева, помлад ревизор и
- Марија Бачовска Тренчевска, ревизор и ОДР.

## 2. Осврт на ревизијата за 2013 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2014 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека се дадени две препораки од кои една препорака е спроведена која се однесува раководителот на одделението за внатрешна ревизија навремено да ги доставува годишните планови за ревизија до раководителите на организационите единици кои треба да бидат ревидирани согласно истиот, а дадената препорака која се однесува на вршењето на пописот на средствата и изворите на средствата, не е спроведена (Прилог).

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Царинската управа, одржан на ден 01.06.2017 година.

На ден 03.08.2017 година со писмо број 09-61/8 добиена е една забелешка од овластеното лице на Царинската управа по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.
Забелешката се однесува на овластените потписници во делот на образложенијата на Нацрт извештајот и истата е прифатена.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Царинската управа на ден 31 декември 2016 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ –ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Сметка од самофинансирачки активности (787)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 68.915 | 61.257 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 53.927 | 471 |
| **Вкупно приходи** | | 122.842 | 61.728 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 25.837 | 2.659 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 25.837 | 2.659 |
| **Капитални расходи** | 3.3. | | |
| Капитални расходи | | 11.728 | 5.142 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 11.728 | 5.142 |
| **Вкупно расходи** | | 37.565 | 7.801 |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.4. | 85.277 | 53.927 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | 85.277 | 53.927 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ –ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Сметка од самофинансирачки активности (787)

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 85.229 | 53.883 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2 | 1 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 48 | 44 |
| **Вкупно тековни средства** | | **85.279** | **53.928** |
| **Вкупна актива** | | **85.279** | **53.928** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.1. | 41 | 30 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 85.238 | 53.898 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **85.279** | **53.928** |
| **Вкупна пасива** | | **85.279** | **53.928** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

# 1. ВОВЕД

**Основни податоци**

1.1. Царинска управа на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) како орган на државна управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице, со седиште на ул.„ Лазар Личеноски" бр. 13 Скопје е основана и организирана, согласно одредбите на Законот за царинската управа[1]. Царинската управа работите од својот делокруг ги извршува преку:

- Централна управа, која ги координира и раководи со царинските и другите надлежности на целата територија на Република Македонија и
- царинарници, кои се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патнички промет со странство.

1.2. Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Македонија. Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Директорот и заменик директорот се именуваат на предлог на министерот за финансии по спроведен јавен оглас за избор и имаат мандат од четири години. Директорот и заменик директорот за својата работа и работата на Царинската управа лично се одговорни пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии.

Согласно приложените картони за депонирани потписи[2] во текот на 2016 година овластени потписници на сметките на Царинската управа се:

- Наташа Радеска Крстевска - директор[3];
- Љупка Миндошева – помошник директор;
- Наташа Јордановски – началник на одделение и
- Милица Митровска – шеф на служба.

Царинската управа своето работење го остварува и преку сметката на од самофинансирачки активности 090030017578714.

Приходите се остваруваат од надоместоци за пристап и користење на МАКЦИС системот (Компјутерски систем на Царинската управа) за: увозни, извозни и транзитни царински декларации.

---

[1] Службен весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016 година.

[2] Картон на депонирани потписи од 06.02.2014 година.

[3] Решение за именување директор на ЦУРМ број 24-751/1 од 22.01.2014 година.

# 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи кај Царинската управа - Сметка од самофинансирачки активности приходи во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.4. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.5. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.6. Царинската управа – Сметка од самофинансирачки активности води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.7. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

2.8. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

2.9. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на 68.915 илјади денари (во 2015 година 61.257 илјади денари), наплатени износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа согласно одредбите од Законот за буџетите, по основ на надоместоци за пристап и користење на МАКЦИС системот (компјутерски систем на Царинската управа за увозни, извозни и транзитни царински декларации) и обука и полагање на стручен испит.

### 3.1.2. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина од 53.927 илјади денари (во 2015 година 471 илјади денари), а се однесува на пренесениот вишок на приходи од претходна година.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина од 25.827 илјади денари (во 2015 година 2.659 илјади денари) исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, кои опфаќаат: канцелариски материјали и списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, други административни материјали, материјали за АОП, униформи, средства за одржување на хигиена и други материјали за специјална намена;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат: поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови и гуми), поправки и сервисирање на пловни објекти, одржување на згради, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправки и одржување на друга опрема;
- договорни услуги, кои опфаќаат: изнајмување на канцелариски простор, изнајмување на друг тип на простор, друга опрема и опрема за специјални намени, банкарска провизија, осигурување за повреда и инвалидитет, осигурување на недвижности и права, осигурување на моторни возила, правни услуги, судски вештачења, здравствени услуги,

преведувачи, услуги за копирање, печатење и издавање, консултантски услуги и други договорни услуги;

- други тековни расходи, кои опфаќаат: членарини во меѓународни организации, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи и
- привремени вработувања, кои опфаќаат вработувања на пет извршители во Царинската управа, преку Агенција за привремени вработувања за вршење на работи задачи - наплатувач на граничен премин.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2016 | Буџет 2016 | Извршено 2015 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Материјали и ситен инвентар | 14.750 | 25.000 | 1.011 | 10.250 |
| Поправки и тековно одржување | 9.537 | 15.300 | 1.648 | 5.763 |
| Договорни услуги | 225 | 1.276 | - | 1.051 |
| Други тековни расходи | 756 | 14.024 | - | 13.268 |
| Привремени вработувања | 569 | 1.500 | - | 931 |
| **Вкупно** | **25.837** | **57.100** | **2.659** | **31.263** |

## 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина од 11.728 илјади денари (во 2015 година 5.142 илјади денари) исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини, кои опфаќаат: купување на информатичка (хардвер и софтвер) и видео опрема и;
- купување на возила, кои опфаќаат: набавка на 29 возила за потребите на Царинската управа.

**Пасива**

## 4.3 Тековни обврски

### 4.3.1. Примени аванси, депозити и кауции

Оваа позиција на ден 31 декември 2016 година е проценета во вкупен износ од 41 илјади денари (2015 година - 30 илјади денари) и се донесуваат за примени аванси за користење на МАКЦИС системот од претходни години.

### 4.3.2. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција на ден 31 декември 2016 година е проценета во вкупен износ од 85.238 илјади денари (во 2015 година 53.898 илјади денари), и претставува акумулиран вишок на приходи и ненаплатени побарувања.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2016 | Буџет 2016 | Извршено 2015 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Купување на опрема и машини | 1.262 | 5.900 | 441 | 4.638 |
| Градежни објекти | - | 3.000 | 20 | 3.000 |
| Други градежни објекти | - | - | 2.903 | - |
| Вложувања и нефинансиски средства | - | 14.000 | 1.778 | 14.000 |
| Купување на возила | 10.466 | 20.000 | - | - |
| **Вкупно** | 11.728 | 42.900 | 5.142 | 21.638 |

### 3.4. Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување

Оваа позиција е проценета во висина од 85.277 илјади денари (во 2015 година 53.927 илјади денари) кои се однесуваат на остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување.

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција на ден 31 декември 2016 година е проценета според номинален износ на паричните средства од 85.229 илјади денари (во 2015 година - 53.883 илјади денари), која е усогласена со трезорската сметка.

#### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција на ден 31 декември 2016 година е проценета според номинален износ од 2 илјади денари (во 2015 година -  илјада денари), кои се однесуваат од купувачи во земјата за дадени царински услуги.

#### 4.1.3. Побарувања од државата и други институции

Оваа позиција на ден 31 декември 2016 година е проценета според номинален износ од 48 илјади денари (во 2015 година - 44 илјади денари), а се однесува на побарувања за повеќе платен данок на добивка.

# Преглед на резултатите

**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-258/8 "Царинска управа на РМ" од 01.10.2014 година**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | 4.1.1 | Одговорното лице на Царинска управа да продолжи со отпочнатите активности за целосно спроведување на пописот на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива. | НС | | Од извршениот увид во доставената документација од спроведениот попис со состојба 31.12.2016 година ревизијата утврди дека пописот на средствата, и обврските во голем дел не е извршен согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. |
| | | Раководителот на одделението за внатрешна ревизија навремено да ги доставува годишните планови за ревизија до раководителите на | СП | | Раководителот на одделението за внатрешна ревизија го доставува годишниот план за |

*Ревизорски тим:*
1. ____
2. ____
3. ____
4. ____

*Овластен државен ревизор*
____

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **организационите единици кои треба да бидат** ревидирани согласно истиот. | | | **извршување на внатрешна ревизија** за 2015,2016 и 2017 година до раководителите на организационите единици кои треба да бидат ревидирани до крајот на тековната година. |

***СП**-спроведена, **ДС**- делумно спроведена, **ВТ**- во тек, **НС**- не спроведена, **НП**- не применлива

*Ревизорски тим:*

1. 
2. 
3. 
4. 

*Овластен државен ревизор*

[redacted]



додека на сите три трезорски сметки за кои се однесуваат нацрт извештаите и преку кои се финансира редовното работење на Царинската управа овластени потписници се:

- Наташа Радевска Крстевска – директор
- Љупка Миндошева – помошник директор
- Наташа Јордановски – началник на одделение
- Милица Митровска – шеф на служба

На ревизорскиот тим им беше доставен целокупниот сет на картони за депонирани потписи на овластените на Царинската управа, а воедно им беше и доставена Изјава од директорот на Царинската управа за сметките со кои администрира ЦУ, каде што јасно се наведени овластените потписници на одделните сметки на ЦУРМ (Прилог 14).

1. За Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Министерството за финансии - Царинската управа на Република Македонија за сметка на основен буџет (637):

***Препорака:***
***Царинската управа да продолжи со отпочнатите активности за имплементација на стандард ИСО 9001.***

Одговор:
Царинската управа има добиено Сертификат за системот на менаџмент со квалитет во согласност со стандардот МКС EN ISO 9001:2009, заведен под бр: СТ-16/12-030 со важност од 12.12.2016 г. до 15.09.2018 г. Царинската управа ќе продолжи со отпочнатите активности за имплементација на стандардот ИСО 9001 согласно склучениот тригодишен договор.

***Препорака:***
***Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе обезбеди:***

- ***вршење попис со обезбедување на инвентарни броеви на сите материјални средства,***
- ***вршење на целосен попис на средствата и нивните извори кои ги користи Царинската управа и***

[redacted]

**Предмет:** **Одговор по Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи**

**Врска:** **Доставување на Нацрт извештај број 09-61/7 од 14.07.2017**

Бр. 02-046787/17-0002

Скопје, 31.07.2017 год.

01. 08. 2017

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**м-р Тања Таневска**
**Главен државен ревизор**
**м-р Цвета Ристовска**
**Помошник на главниот државен ревизор**

03.08.2017
09-61/8

**Царинска управа**
**Централна управа**

Лазар Личеноски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk

Почитувани,

Согласно доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Министерството за финансии - Царинската управа на Република Македонија за сметките

- 637 – Сметка на основен буџет,
- 631 – Сметка на основен буџет, и
- 787 – Сметка од самофинансирачки активности,

Царинската управа на Република Македонија ги дава следните забелешки:

Во сите три нацрт извештаи во образложенијата кон финансиските извештаи е наведено дека согласно приложените картони за депонирани потписи во текот на 2016 година овластени потписници на сметките на Царинската управа се:

- Наташа Радевска Крстевска – директор
- Лавдрим Велиу – заменик директор
- Љупка Миндошева – помошник директор
- Златко Поповиќ – началник на одделение

Оваа констатација не е точна односно горенаведените се потписници на депозитната сметка на Царинската управа,

[redacted]

состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 04.08.2016 година (Прилог 10),

- заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс IV на Договорот број 02-045809/11-0164 од 31.08.2016 година, со рок на важност до 25.03.2017 година, е донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 13.04.2017 година (во дополнителниот рок од 30 дена за одржување на договорот во сила и за исполнување на обврските по истиот) (Прилог 11).

Основните принципи – конкуренција на економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економски оператори се принципи кои договорните страни, согласно член 2 од ЗЈН, се должни да ги почитуваат, како во постапката при доделување на договори за јавна набавка така и при подготовка на тендерска документација и техничка спецификација.

- Начелото на *конкуренција* беше спроведено во целост од договорната страна согласно одредбите од Законот, на начин што на сите економските оператори им беше овозможено да проценат дали постапката за јавна набавка е од нивен интерес и дали ги исполнуваат условите за утврдување на способноста да можат да учествуваат во постапката.
- Начелото на *еднаков третман и недискриминација* беше запазено во сите фази од постапката на доделување на договор за јавна набавка, а учесниците во постапката биле третирани на ист начин, односно на сите економски оператори им беше овозможен еднаков пристап до информации за јавни набавки. Исто така при изборот, на ниту еден економски оператор не му беше даден повластен третман односно предност, а во постапката за избор со Одлука беше избран најповолниот економскиот оператор-понудувач.
- Согласно точка 1.10.1 од Отворената постапка бр.20/2011 за доделување на Договор за јавна набавка на Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи, како елементи на критериумот економски најповолна

[redacted]

Одговор:

Склучените четири (4) анекси на Договорот со кои се врши продолжување на рокот за имплементација на фазите на Договорот, се склучени по истекот на рокот на важење на договорот, поради процедурата за давање на Одобрение од Владата на Република Македонија по претходно мислење на Министерството за финансии. Во заклучоците дадени на состаноците на Управувачки комитет на Проектот, двете договорни страни изразуваа волја за продолжување на договорот, со потврда дека истиот е во важност, со оглед на преземените дејствија во насока на исполнување на правата и обврските од договорот. Укажуваме дека согласно член 25 од Договорот, измени и дополнување на Договорот со Анекс кон Договорот може да се изврши со заедничка согласност на Договорните страни во писмена форма. Согласноста за анексирање на Договорот од договорните страни е дадена во рокот на важење на Договорот, на состанок одржан на Управувачки комитет и тоа по следниов редослед:

- заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година, со рок на важност до 25.05.2014 година, е донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 28.03.2014 година (Прилог 7),
- заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс на Договорот број 02-045809/11-0100 од 01.08.2014 година, со рок на важност до 25.02.2015 година, е донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 30.01.2015 година (Прилог 8),
- заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс II на Договорот број 02-045809/11-0122 од 26.03.2015 година, со рок на важност до 25.11.2015 година, е донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 27.10.2015 година (Прилог 9),
- заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс III на Договорот број 02-045809/11-0140 од 23.12.2015 година, со рок на важност до 25.12.2016 година, е донесен на

[redacted]



согласно член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост со цел отстранување на расходуваните движни ствари од просториите на Царинската управа. Дополнително е формирана комисија која беше задолжена да ги преиспита листите на основни средства за расход по пописот за 2016 година, која изготви и до директорот достави Извештај бр. 04-029677/17-0004 од 06.06.2017 г. и бр. 02-029677/17-0005 од 08.06.2017 г. (Прилог 6). Во тек се активности со кои ќе се завршат отпочнатите постапки, а согласно законската и подзаконската регулатива.

Имено, до МИОА е доставен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Царинска управа, каде во делот на Секторот за административни и технички работи, односно во Одделението за управување со гранични премини, надлежноста се дополнува со донесување на следниве одлуки: Одлука за избор на најповолен понудувач, Одлука за изменување и дополнување на одлука за избор на најповолен понудувач, Одлука за поништување на постапката за избор на најповолен понудувач, како и Одлука за поништување на одлука за избор на најповолен понудувач во постапка со Јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување отпад.

Во иднина Царинската управа ќе постапува согласно законските одредби така што сметководственото евидентирање на расходот ќе се врши откако истите ќе бидат физички отстранети со спроведување на постапка на нивно продавање, подарување, отуѓување на друг начин или уништување.

***Препорака:***

***Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се пристапи за целосна примена на принципите за начелата на конкурентност и недискриминација во спроведувањето на постапките за јавни набавки.***

- ***усогласување на состојбата утврдена по попис со состојбата искажана во сметководствената евиденција и***
- ***изготвување на пописни листи кои ги содржат сите потребни податоци***

Одговор:
Царинската управа во насока на реализација на оваа препорака ги презема следните активности:

- побарана е информација од одговорните лица во врска со утврдување на точната состојба на основни средства без инвентарни броеви за потоа да следи печатење на бар кодовите и лепење на истите пред почетокот на пописот за 2017 година;
- изработен е урнек на пописна листа за средства во подготовка (Прилог 1) и истиот е доставен до фирмата за одржување со цел да се воведе во модулот основни средства, а на средството во подготовка ќе му се додели инвентарен број кој ќе биде неактивен сè до моментот додека средството во подготовка не се трансформира во основно средство. Ова ќе биде реализирано со редовниот годишен попис за наредната 2017 година;
- Извршено е обележување со инвентарни броеви на оружјето кое беше без инвентарни броеви (Прилог 2);
- изготвени се посебни пописни листи за средствата кои немаат инвентарен број и за средствата (возила) кои се наоѓаат кај други субјекти, кои ќе се користат при пописот за 2017 година (Прилог 3 и Прилог 4 );
- Формирана е комисија за утврдување на вредноста на основното стадо стекнато како донација без утврдена вредност (Прилог 5) .

***Препорака:***
***Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се завршат отпочнатите постапки согласно законската и подзаконската регулатива.***

Одговор:
Во Царинската управа се отпочнати постапки за отстранување на основни средства за расход по пописот од 2015 и 2016 година

[redacted]

понуда се земаат цената со 70 бодови и квалитетот со 30 бодови.

Од горе наведеното произлегува дека договорната страна во целост ги испочитувала основните принципи, односно обезбедила фер конкуренција и еднаков третман и недискриминација во постапката при доделување и при подготовка на тендерска документација и техничка спецификација и анексирањето на Договорот.

Исто така, во врска со забелешката на ревизорскиот тим во ревизорскиот извештај кој навел дека и покрај тоа што не биле исполнети условите определени во член 26-б од ЗЈН, договорната страна во август 2016 година склучила Анекс 4 на Договорот, истакнуваме дека членот 26-б дава можност на буџетските корисници во услови на намалување на средствата со Буџетот на Република Македонија, да извршат промена на динамиката на реализација и/или плаќање на обврските од склучените договори за јавни набавки кои не се опфатени со развојниот дел од Буџетот со склучување на Анекс на договор за продолжување на рокот за следната година или повеќе, доколку Владата донесе одлука за давање согласност за анексирање на договорот по претходно мислење на Министерството за финансии.

Истовремено укажуваме дека одлуката за давање на согласност за склучување на Анексот на договор е донесена од Владата на Република Македонија, по претходна согласност од Секретаријат за законодавство и мислење на Министерството за финансии.

***Препорака:***

***Одговорното лице да преземе мерки и активности за планирање и спроведување на постапка за јавна набавка за писмоносни услуги во внатрешниот сообраќај над 50 грама.***

Одговор:

Надлежната организациона единица изврши анализа и истражување на пазарот и поднесе барање за измена на Планот за јавни набавки на ЦУРМ за 2017 година. Донесена е Одлука за

измена на Годишен план за јавни набавки во 2017 година на Царинската управа на Република Македонија. (Прилог 12).

2. За Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Министерството за финансии - Царинската управа на Република Македонија за сметка на основен буџет (631):

*Препорака:*

***Одговорното лице да преземе мерки и активности за вршење целосен попис на средствата и изворите на средствата искажани во деловните книги и Билансот на состојба.***

Одговор:

Согласно воспоставениот начин на сметководствена евиденција во ЦУ целокупниот деловен фонд - фонд на основни средства се евидентира на буџетската сметка 637 и истиот е попишан односно содржан во Извештајот на комисијата за извршен редовен годишен попис. Износот искажан на ставката деловен фонд не се однесува на основни средства, туку произлегува од спроведени книжења од предходни години, за кои е побарана стручна помош и мислење за нивно расчистување од повеќе сметководствени бироа, меѓутоа не е добиено прецизно и прифатливо решение. Имајќи го во предвид вашето искуство и ценејќи ја вашата стручност Ве молиме за насоки и препорака за начинот на постапување.

*Препорака:*

***Одговорното лице да преземе мерки за утврдување на правниот основ за искажаните износи на почетните состојби во финансиските извештаи.***

Одговор:

Во наодот врз основа на кој е дадена горенаведената препорака е констатирано дека на сметката активни временски разграничувања искажан е износ од 6.855 илјади денари, меѓутоа наведеното образложение констатирано во наодот не

[redacted]

е точно. Во текот на вршење на ревизијата од страна на ревизорскиот тим беше побарано објаснување за износот од 6.855 илјади денари искажан на сметката активни временски разграничувања, за што од Службата за сметководство и плаќања беше дадено образложение дека износот се однесува на поврат на повеќе платен данок на добивка од страна на УЈП реализиран во 2010 година, што всушност е јасно наведено и во описот на сметката активни временски разграничувања во презентираниот заклучен лист. За потврдување на состојбата до ревизорскиот тим беше доставен и Записникот за извршена надворешна контрола на данок на добивка за период од 01.01.2008 до 31.12.2009 година, изготвен од страна на даночен инспектор Ристевска Надица, каде што е констатирано дека со контролата се одобрува враќање на повеќе платениот данок на добивка во износ од 6.854.608,00 денари, согласно член 41 од ЗДД (Прилог 13 - Записник за извршена надворешна контрола за данок на добивка). Извршениот поврат на повеќе платен данок на добивка во 2010 година е сметководствено евидентиран на сметката 1740 - побарување за платен данок на добивка и соодветно на сметката 198 - активни временски разграничувања, така што овој износ е непроменет и се пренесува секоја година. Со цел сметководствено затворање на сметката активни временски разграничувања, извршени се консултации и побарано е мислење од сметководствени бироа, меѓутоа не е е добиено прецизно и прифатливо решение. Во текот на спроведување на процесот на ревизија побаравме мислење за презентираната состојба, така што имајќи го во предвид вашето искуство и ценејќи ја вашата стручност уште еднаш Ве молиме за насоки и препорака за начинот на постапување.

3. За Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Министерството за финансии - Царинската управа на Република Македонија за сметка на основен буџет (787):

Во однос на нацрт извештајот за сметкат 787 – Сметка за самофинансирачки активности, Царинската управа нема забелешки по изнесеното мислење.

[redacted]

Имајќи го предвид горенаведеното, како и преземените активности во насока на реализацијата на дадените препораки, Ве информираме дека Царинската управа ќе продолжи и понатаму да презема мерки и активности со цел вистинити и објективни финансиски извештаи усогласени со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со почит,

**по Овластување број 04 - 047142/17 - 0001**
**од 18.07.2017 година**
**m-r Lavdrim Veliu**
**заменик директор**

Прилог:

- Прилог 1 – Урнек на пописна листа за основни средства во подготовка;
- Прилог 2 – Пописна листа на оружје;
- Прилог 3 - Пописна листа за средствата без инвентарен број;
- Прилог 4 - Пописна листа за средства (возила) кои се наоѓаат кај други субјекти;
- Прилог 5 – Решение за формирање на Комисија за утврдување на вредност за основно стадо бр. 04-049748/17 – 0002 од 31.07.2017 година;
- Прилог 6 - Извештај бр.04-029677/17-0004 од 06.06.2017 г. и бр.02-029677/17-0005 од 08.06.2017 г.;
- Прилог 7 - Заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година, со рок на важност до 25.05.2014 година, донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 28.03.2014 година;
- Прилог 8 - Заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс на Договорот број 02-045809/11-0100 од 01.08.2014 година, со рок на важност до 25.02.2015 година, донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 30.01.2015 година;

- Прилог 9 - Заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс II на Договорот број 02-045809/11-0122 од 26.03.2015 година, со рок на важност до 25.11.2015 година, донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 27.10.2015 година;
- Прилог 10 - Заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс III на Договорот број 02-045809/11-0140 од 23.12.2015 година, со рок на важност до 25.12.2016 година, донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 04.08.2016 година;
- Прилог 11 - Заклучок за изменување и дополнување на Договорот број 02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година и Анекс IV на Договорот број 02-045809/11-0164 од 31.08.2016 година, со рок на важност до 25.03.2017 година, донесен на состанок на Управувачки комитет на Проектот одржан на 13.04.2017 година (во дополнителниот рок од 30 дена за одржување на договорот во сила и за исполнување на обврските по истиот);
- Прилог 12 – Одлука за измена на Годишен план за јавни набавки во 2017 година на Царинската управа на Република Македонија;
- Прилог 13 - Записник за извршена надворешна контрола за данок на добивка;
- Прилог 14 – Сет на картони за депонирани потписи.

**Одговор**
**на забелешките на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 03.08.2017 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот од извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерство за финансии-Царинска управа на Република Македонија Скопје, на Сметката за самофинансирачки активности (787), од овластеното лице на Царинската управа на Република Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-61/8.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката која се однесува на делот од образложенијата кон Нацрт извештајот на овластените потписници на Сметката за самофинансирачки активности (787), **се прифаќа**, и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор истото ќе биде соодветно изменето.

*Ревизорски тим*
1. ______
2. ______
3. ______
4. ______

*Овластен државен ревизор*